МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 27/20), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ИЗВОЗНИЦИ И УВОЗНИЦИ НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за упис во Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи.

## Член 2

Магацинот на готови производи треба да биде објект, односно просторија во која се врши превземање, чување и припрема на производи од тутун и сродни производи, за непречено одвивање на извозот или/и увозот и нивна дистрибуција на пазарот во согласност со одредбите од Законот за акцизите (1).*

## Член 3

Магацинот треба да е изграден од цврст материјал во согласност со прописите за планирање и изградба на објекти.

## Член 4

Магацинот треба да има манипулативен простор за непречен истовар и утовар на производите од тутун и сродните производи и опрема за превземање и сортирање на производи од тутун и сродни производи, по видови и марки, односно уредно складирање на истите.

## Член 5

Магацинот треба да има хигиенски исправна вода, природно или вештачко осветлување и проветрување и опрема за сместување на производите од тутун и сродни производи, на начин кој овозможува непречен пристап и заштита на производите од загадување и од штетни влијанија врз квалитетот и исправноста на производите.

## Член 6

Магацинот треба да има еден или повеќе влезови за корисниците и обезбедени услови за непречен дотур и отпрема на производи од тутун и сродни производи.

**Член 7**

Од опрема правното лице кое врши извоз и увоз на производи од тутун и сродни производи треба да има рачна количка или друга опрема за утовар и растовар.

**Член 8**

Правното лице кое врши извоз и увоз на производи од тутун и сродни производи треба да има вработено најмалку едно лице, кое ги исполнува условите од член 50 став 2 алинеја 3 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*).

**Член 9**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите за извоз и увоз на тутунски производи ("Службен весник на Република Македонија" бр.31/07).

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 11-2218/4
29 мај 2020 година
Скопје

Министер за економија,
Крешник Бектеши, с.р.

(*1) Законот за акцизите е усогласен со 1. ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директивата 92/12/ЕЕЗ; 2. ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 2003/96/ЕЗ од 27 октомври за преструктурирање на рамката на Заедницата за одданочување енергетски производи и електрична енергија; 3. ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 92/83/ЕЕЗ од 19 октомври 1992 за усогласување на структурите на акцизи на алкохоли за алкохолни пијалаци;4. ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 92/84/ЕЕЗ од 19 октомври 1992 за усогласување на стапките на акцизи на алкохоли за алкохолни пијалаци; 5. ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 2011/64/ЕУ од 21 јуни 2011 за акцизната структура и акцизните стапки кои се однесуваат на преработен тутун; 6. РЕГУЛАТИВА

НА КОМИСИЈАТА (ЕЗ)Бр. 31/96 од 10 јануари 1996 за потврда за ослободување од акциза;7. ДИРЕКТИВА 2006/79/ЕЗ на Советот за даночно ослободување при увоз на мали испораки на добра од некомерцијален карактер од трети земји; 8. ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 2007/74/ЕЗ за ослободување од данокот на додадена вредност и акциза на добра увезени од лица кои

патуваат од трети земји и 9. ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 95/60/ЕЗ од 27 ноември 1995 за фискални обележувачи на гасно масло и керозин.